OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

Скопје, 23 април 2015

## РЕЗУЛТАТИ ЗА 2014 ГОДИНА: ДОБИВКА ОД 232 МИЛИОНИ ДЕНАРИ И ОДЛИЧНИ ДЕЛОВНИ ПЕРФОРМАНСИ ЗА 150-ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ НА ГРУПАЦИЈАТА СОСИЕТЕ ЖЕНЕРАЛ

На 21 април во Скопје се одржа Годишното собрание на акционери на Охридска банка.

Акционерите ги потврдија резултатите на Банката за 2014 година и ги усвоија финансиските извештаи за годината.

Закрепнувањето на домашната економија имаше позитивно влијание врз растот на активностите во банкарството. Охридска банка го приспособи работењето на условите на пазарот и опкружувањето, ставајќи ги клиентите во центарот на вниманието. Во 2014 година, Банката објави нето-добивка од **232 милиони денари, што е 51,3% повеќе од резултатот во 2013 година.**

Во годината во која Групацијата Сосиете Женерал го прослави 150-годишиот јубилеј од формирањето на банката, Охридска банка постигна рекордни остварувања во согласност со поставените стратешки цели, забележа пораст на бизнисот и ја одржа активната поддршка на клиентите. Притоа постигна:

- **Континуиран, долгорочен позитивен тренд** каде што:
    - Кредитите се зголемија за 11,7%
    - Средствата се зголемија за 13,3%
- Подобрен коефициент на трошоци на 60,1%;
- Поволно ниво на нето-чинењето на ризикот, со вклучен позитивен ефект врз нивото на резервации и постигнатиот резултат на позначајна наплата во овој период.

Порастот на перформансите и на профитабилноста е значаен за Охридска банка, но исто така претставува значаен поттик за порастот на банкарскиот сектор во Р. Македонија. Кредитите пораснаа над просекот за секторот, на тој начин придонесувајќи со 9,2% во растот на банкарскиот сектор.

**Билансот на состојба** на Охридска банка со 31.12.2014 година изнесува **32 милијарди** денари, што ѝ овозможи на Банката да ја потврди и да ја зајакне позицијата на **четврта голема** банка во Р. Македонија.

**Кредитите од меѓународни финансиски институции** значително се зголемија **со 15,9%** учество во вкупните извори на средства, што придонесува за понатамошна диверзификација на структурата на изворите на Банката.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013

OHRIDSKA BANKA

SOCIETE GENERALE GROUP

2014 година означува година на позитивен придонес на сите елементи на Билансот на успех на Банката, со цел солиден и подобрен нето-резултат, што се должи на:

- Засилените комерцијални активности;
- Заштеди во оперативните трошоци и на целокупните трошоци под засилена контрола;
- Позитивни ефекти од нето-чинењето на ризик, квалитетот на кредитното портфолио и одличната наплата;
- Намален правен ризик и
- Позитивна капитална добивка.

„Во 2014 – годината на јубилејот на Групацијата, Охридска банка го постигна најдобриот резултат досега, со значаен раст на комерцијалните производи и значително подобри квалитативни показатели за работењето. Со поголемиот дел од 2015 година пред нас, можам да потврдам дека Банката останува посветена на остварувањето на своите стратешки цели – постигнување одржлив и профитабилен раст со освојување на дополнително пазарно учество во пазарните сегменти кои се сметаат за најквалитетни и најмалку ризични. Сигурна сум дека следејќи ги овие цели, Охридска банка, Сосиете Женерал ќе продолжи да биде репер за успешна банка во Македонија“ – подвлече Бранка Павловиќ, претседател на Управниот одбор на Охридска банка.

**РАЗВОЈ НА ПРОИЗВОДИ, МАРКЕТИНГ**
**И КОМУНИКАЦИИ**
СВЕТЛАНА ШТЕРЈОВА
+389 2 3167 709

ИГОР МРАКОВ
+389 2 3167 649

ОХРИДСКА БАНКА АД СКОПЈЕ
ОРЦЕ НИКОЛОВ 54
1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
obinfo@ob.com.mk
www.ohridskabanka.mk

РЕШЕНИЕ НА ГУВЕРНЕРОТ НА НБРМ: БР. 15810 ОД 30.04.2013